Република Северна Македонија
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Бр. 04-150/30
21.01.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 04-150/30
21. 01. 2021 .2021 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл. весник на РМ бр. 58/2000, 44/2002, 82/08, 167/10 и 51/11) и Службен весник на РСМ бр.96/2019 и 110/2019), член 23 став 4 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08, 161/08,114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19 и 267/20) и член 22 став 1 алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/18, 198/18 и 143/19), а во врска со Правилникот за систематизација на работни места во Министерство за животна средина и просторно планирање, Државниот секретар донесе:

## ОДЛУКА

**за избор на (1) извршител за работно место по објавнен оглас бр.1/2021 за работното место бр.7 на определено време**

1. За извршител на работите за работно место Соработник за подготвување на извештаи за мониторинг на проекти, Сектор за одржлив развој и инвестиции на определено време, јавен оглас бр.1/2021, објавен во дневните весници „Слободен Печат“ и „Lajm“ на 12.01.2021 година, се избира кандидатот **Фатон Дарлишта .**

2. Именуваниот ќе се вработи на работно место од точката 1 по завршување на постапката за избор и конечноста на одлуката, а врз основа на договор за вработување на Соработник за подготвување на извештаи за мониторинг на проекти, Сектор за одржлив развој и инвестиции на определено време.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисија за спроведување на јавен оглас бр.1/2021 во Министерство за животна средина и просторно планирање, формирана со Решение бр. 04-150/18 од 15.01.2021 година, врз основа на записник од работата на комисијата за спроведување на јавен оглас констатира дека на јавниот оглас за вработување на работно место Соработник за подготвување на извештаи за мониторинг на проекти, Сектор за одржлив развој и инвестиции на определено време, се пријавил само кандидатот **Фатон Дарлишта** кој ги исполнува условите од наведеното работно место.

Со оглед на тоа што именуваниот ги исполнува предвидените услови утврдени во јавниот оглас истиот може да заснова работен однос на определено време на горе наведеното работно место.

Државен секретар

Каја Шукова

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Shkup
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Republika e Maqedonisë së Veriut